Венко Андоновски

## ***обид да се биде оригинален во литературата***

*додека Седам во кафеаната и ииз стаклото на излогот Гледам како минувачите Брзаат по плоштадот кон своите правци, надвор се Готви дожд и облаците Застрашуваат со своето сивило. погледот ми го Привлекува жена со количка за дете. таа го Турка својот плод. којзнае дали Е пресечена папочната врвца меѓу неа и него. можно Е детето во количката сè уште да не Е породено.*
*таа жена не Е оригинална, иако Започнува да Плаче од немоќ. крупните капки дожд Паѓаат врз незаштитеното чело на детето и го Испокршуваат. ситуациите во литературата бргу се Менуваат. ова, веќе Е трагично и оригинално, иако до пред малку Можев да Предвидам среќен исход. оваа жена не Е оригинална затоа што Има бебе. и многу други жени Имаат бебиња. оваа жена Е оригинална затоа што ме Остава да се Сомневам дали нејзиното дете Е породено. сосема Е возможно таа да Турка празна количка и самата да Верува во она што Верувам и јас, како објективен набљудувач од кафеаната.*
*во секој случај, нејзиното бебе Е оригинално. тоа Е единствено и неповторливо, според биолошките закони, иако таа го Турка онака како што децата во количка ги Туркаат и многу други мајки.*
*но, јас Сум во неблагодарна ситуација: мојата навика да Гледам низ прозорец туѓи судбини и да ги Вреднувам, не ме Напушта. тоа Е глупаво. подобро Еда ја Оставам жената да си Оди дома и да не Размислувам за оригиналноста на ситуацијата во која се Наоѓа.*
*келнерот Доаѓа и јас Морам да го Платам цехот на безобѕирен набљудувач*

## **втор обид да се биде оригинален**

*човекот Е возбуден. тој Е немоќен. ги Фрла испишаните листови од масата во печката. тие Горат со неверојатно светол пламен.*

*во истата куќа некогаш Живеел некаков голем поет. и сè што Пишува човекот во оваа куќа Е веќе познато и напишано. човекот не Размислува многу, иако Е писател. ја Полева куќата на големиот поет со бензин, особено големата библиотека и Фрла кибритче. пламенот ја Јаде куќата. библиотеката на големиот поет е Уништена. книгите веќе не Постојат.*
*Постои само животот.*
*но, човекот сега Е двојно поочаен. тој Седнува крај уништениот свет кој се Претвора во гробишта на познати ликови. ја Потпира главата со рацете и горко, горко Плаче.*
*а Можеше само да го Измени распоредот на предметите во куќата на мртвиот поет и сè ќе Беше во најдобар можен ред.*

## ***структура на уметничкиот текст***

*литературата не Е никаква доблест. таа Е најтешкиот синдром. таа Е нужност на оние кои не ја Разбираат сериозно животната нужност. градењето куќа Е тешка работа. Доаѓаат најразлични мајстори со височи и либели, со мистрии и со метри, со јажиња и кофи. но јас не им Верувам. секое утро ја Замислувам мојата куќа поинаку. египќаните Знаеле за посебен метод при градењето. римјаните многу се Разликуваат во архитектурата од денешните македонци. етрурците Биле фрапантни. секој народ Градел на свој начин и сите Биле сфатени.*
*токму затоа, мајсторите не ми Се потребни. додека ја Градам мојата куќа, Забележувам дека сè повеќе Слабеам. најпрвин ја Губам слезенката и крвта веќе не ми Е црвена. но, тоа не Значи дека не Сум револуционерен. јас, имено, Верувам дека никогаш Нема да Живеам во мојата куќа.*
*ќе ја Завршам и или ќе Изгубам желба да се Вселам во неа, или ќе Умрам. во секој случај, таа ќе Личи на мене и ќе Биде преводлива на јазиците на сите народи. барем во имотното право.*

(Од книгата ***Нежното срце на варварот***, Мисла, 1986)